БРОЈ
83

ВО ОВОЈ БРОЈ:

го: ДЕЛ ОД РЕФЕРАТОТ НА VI КОНГРЕС НА КПЈ.

Малеска: ВПЕЧАТОЦИ ОД КОНГРЕСОТ

ра Ацева: ДЕЛ ОД РЕФЕРАТОТ НА VII ПЛЕНУМ НА А.Ф.Ж. НА МАКЕДОНИЈА

еф. Х. Поленаковиќ: ЛИКОТ НА МАЈКАТА ВО „СЕРДАРОТ" ОД Г. ПРЛИЧЕВ

Малинска: ЗА НОВИОТ ЛИК НА СЕМЕЈСТВОТО КАЈ НАС

Миловска: ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА — ГРИЖА НА ОПШТЕСТВОТО

П. и Ч. П.: ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ВО ПЕРИОДОТ НА ПОЛНОТО СОЗРЕВАЊЕ

ред изборите за Н.О.; Од активноста на нашите организации; Кинески прилог; Мода; Прилог сиети за жената и друго.

ЦЕНА
20
ДИН.



ПОБЕДА

А. Аугустинчи

Македонка



Христина Иваноска

УМЕТНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ

„Плот во цут“

Разонода

Спојување
полесно е да се работи
откако нашите тела
ќе се сретнат
на пенкалото и хартијата
ниту им е гајле ниту имаат добивка
од тоа дали ние пишуваме или не
но како што телото ти се движи
под моите раце
во набој и очекување
го сечеме ремчето
ме создаваш наспроти твоите бутки
ридести и сликовити
движејќи се низ нашите зборозем̀ји
моето тело
ја пишува во твојата плот
песната
што ја правиш од мене.

Допирајќи те ја фаќам полноќта
како што месечевите огнови се палат во моето грло
те сакам плот во цут
те направив
и те земам направена
во мене.

Преводот на Грација Атанасовска на песната „Разонода“ од Одри Лорд, карипско-американска писателка, феминистка, лезбијка и активистка, е преземен од „Преведувачка работилница: Оснажувачкото еротско во поезијата на Одри Лорд“, објавена на „Медуза“ – феминистичка платформа за девојки, жени, родови и сексуални малцинства: https://meduza.mk/fem-101/preveduvachka-rabotilnitsa-osnazhuvachkoto-erotsko-vo-poezi%d1%98ata-na-odri-lord/.



Седнува подалеку од неа, некаде напред пред неа, таа му го гледа грбот и едната рака што држи некаква прачка, прашува, кого имаш дома, а таа вели никој денес не ме чека, имав некого, рече потоа, велеа голема љубов, но сè помина и заврши со толку банален крај, мислам на љубовта, но тажна сум поради поразот, каков пораз, вели тој, тоа не е никаков пораз, труди се од односите со луѓето да извлекуваш наравоучение и тогаш, кога мислиш дека си тотално поразена, тогаш нема пораз, како да е животот басна, помисли таа потоа, не слушајќи го веќе, на крајот наравоучение, и сè ќе биде сфатено и полесно и поподносливо.

Ја зеде под себе на тревата, грубо, како да сакаше од душникот да ѝ го извлече и последниот атом на, и онака, задушениот воздух, од градите што се заканувааа да го скинат градникот, сигурно заборави тогаш дека е облечен во свечен костум и дека со колената тоне во тревата, веројатно беше омаен од миризбата на багремот што се лулееше над нив, а таа почувствува, тоа е бездната на вечноста што ја довикуваше, тоа барање во неа, знаеше, нејзин е во тој запрен здив на космосот, ѝ припаѓа само нејзе на оваа планина, и нему му требаше да се поврати, да земе воздух, и малиот прекин на лудата игра го врза, со еден, од крвта искорнат шепот, „сонце мое мило“, само толку, всушност, тоа беше припаѓањето негово што ја зароби, а шепотот остана во утробата, врел и уништувачки, и таа помисли, овој шепот, тоа сигурно сонцето од зенитот слезе, омаено од багремовата миризба, и знам, остана во мене како плод, да живее и расте од мојата крв, пак до зенитот, назад...

Нозете, за надолу, одвај останувааа исправени, колената паѓаа како пијани, а рацете го зборуваа својот говор, се знаеше, крајот е тука, што можеме, но тој ја одложи смртта на мигот со уште еден луд грабеж врз слатко ранетите усни, знаеше таа, тој се обидува да понесе нешто од невидените видици што беа од другата страна на планината, и кога ја оттурна од своите гради, една светликава нитка, одвај видлива, како пајажинка, светна еден момент меѓу неговата и нејзината уста, и се прекина потоа.

Фрагмент од расказот „Планина“ на Радмила Трифуновска, македонска новинарка, поетеса и писателка, објавен во нејзината збирка раскази “Жена и војна“ (Македонска книга, Скопје, 1968).



Секогаш имаше спуштени ролетни на лето во вашата куќа. Ми се чинеа возбудливи тие затемнети соби што се бранат од неиздржливите летни горештини. Таму седи стуткана заробената ладовина што му пркоси на летото и создава набој во воздухот на кој телото не може да му одолее.

Се втурнуваме во куќата со нашите вжештени тела и штом ќе ја затвориш вратата се припиваш до мене без збор и ја завлекуваш раката под мојот фустан, пенетрирајќи во влажниот простор на моето тело, лижејќи и гризејќи, речиси нечујно, додека некој неочекуван шум не ја прекине оваа летна игра.

Се сеќаваш ли?

Фрагмент од мојот текст „Документот што недостига: Перформанс бр. 6 (Ќерка)“ по првпат изведен во рамките на изложбата „Екстатични тела: Архива на перформативни квир тела во Македонија“ во кураторство на Славчо Димитров и Биљана Тануровска-Ќулавковска, „Викендот на гордоста“, Музеј на современата уметноста, Скопје, 2022.



Клиторисот е камче тајновито вметнато во чевелот на сексуалната имагинација. (...) Долго време скриен, лишен од име и уметничко претставување, отсутен во медицинските прирачници, честопати непознат дури и за жените, клиторисот со векови постоел само како *скрупул*, во првобитното значење на зборот – камче што создава непријатност и го измачува духот. (...) Клиторисот: мала испупчената тајна што опстојува, се спротивставува, ја вознемирува совеста и ја гризе петицата, е единствениот орган наменет само за задоволство, затоа и за „ништо". Тој е ништото, огромното ништо, сè или ништо на женската сладострасност. (...) Дваесет и први век. Жена гинеколог ѝ објаснува на ужаснатата машка публика во партерот како функционира клиторисот за време на љубовниот чин во контакт со пениси, дилда, прсти, јазици, како се движи, каква положба зазема при пенетрација или галење. Помошник на вагината, нејзин соиграч. Но, и независен сладострасник. Разгорен од двојната еротска ориентација. Занишан, кога ги следи движењата на пенетрираната вагина. Стврднат, кога се крева како гребен. Понекогаш и двете. Понекогаш, едно без друго. Не запирајќи на ниту едно, клиторисот бега од дихотомии. (...) Првите облици на препознавање на клиторисот само ги зголемиле грешките и недоразбирањата поради неговото изедначување со пенисот... (...) Лузна од кастрација, клиторисот претставува закржлавен пенис на жената. Фројд е сè уште, на свој начин, заробеник на еднополниот модел. (...) Се верувало дека всушност има само еден пол: женските полови органи се внатре во телото, машките надвор. Оваа шема не била целосно отфрлена ниту подоцна, по анатомското откритие на клиторисот. (...) Клиторисот, закржлавениот пенис, исто така секогаш се поврзувал со прекумерно задоволство. Неспособен за репродукција. Избришан, но похотен. Легендата вели дека некои горгони, надарени со големи клиториси, биле осудени на вечна мастурбација. На крајот на краиштата, клиторидектомијата, отстранувањето на клиторисот, се појавила како терапевтско средство за смирување на женската јарост, кастрирајќи ја жената по вторпат. Радикално решение за бескрајното уживање. (...) Недостаток, отстранување, осакатување, негирање. Дали клиторисот може да постои во менталитетите, телата и несвесното, освен како нешто негативно?

Извадок од текстот „Бришење" објавен во книгата „Избришано уживање: клиторис и мислење" на Катрин Малабу, француска филозофка (Katrin Malabu, „Izbrisano uživanje: klitoris i mišljenje", FMK Fakultet za medije i komunikacije, Univerzitet Singidunum, i Multumedijalni institut, Beograd/Zagreb, 2021), во мој превод на македонски јазик.



Но како да се продолжи да се живее во вакво насилство, колку и да е тоа слатко? Да не се умре од умирање, да се умре од неумирање? Како да се биде решителен во време на најразорно задоволство и болка? (...) јас сум ти како што ти си јас, моето е твое и обратно, те знам како што ме знаеш, се насладуваш во мене како што се насладувам во тебе, во радоста на тоа заедничко и заемно живеење и идентификување, во кое наскоро повторно ќе се стопат, ќе се истопат и ќе се претопат тие чудесни матрици на нашите последни прегратки. (...) оттука, јас сум (според) твојата слика, како што си ти мојата. Истовремено сме еднина и множина, еден и едни, доколку ништо не ги замати огледалата кои се соединуваат во чистотата на нивната размена. Доколку едниот, исто така, не го надмине другиот во величината и во квалитетот, зошто тогаш другиот би се впил во Едниот (како) до бесконечност. (...) Така, ти ме гледаш и јас те гледам, најпосле се гледаме гледајќи те, во таа необјаснива рана која е изворот на нашето воодушевено разбирање и на нашата опијанетост. И за да се познавам себеси, речиси, како да не ми треба „душа“, доволно ми е да го набљудувам зјаењето на твоето вљубено тело. (...) Сега го/се знам и познавајќи го/се јас го/се сакам, и сакајќи го/се јас го/се посакувам. (...) Јас знам, сега дека височината и длабочината се раѓаат – и се сечат – една во друга бесконечно. И тоа што едната е во другата, а другата е во мене, не е многу важно штом во мене тие се зачнуваат една со друга во своите занеси. (...) Никогаш слични, секогаш нови. Никогаш повторени, ниту повторливи, во своите радосни вознесувања. (...) Мистерија – хистерија без одредлив почеток, ни крај. (...) Така, (одново) сигурна во соучесништвото на тој семоќен партнер, тие/таа си игра(ат) додворување, понижувајќи се меѓусебно во еден миг, китејќи со злато и дијаманти во следниот, допирајќи се, мирисајќи се, слушајќи се, гледајќи се, жешко бакнувајќи се, ненаситно јадејќи се, пробивајќи се, палејќи се, согорувајќи се, исцрпувајќи се, ...

Извадок од текстот „Мистеричната“, објавен во книгата „Спекулум на другата жена“ на Лис Иригаре, белгиско-француска феминистка, филозофка, психоаналитичарка и теоретичарка на културата, во превод од француски јазик на Деспина Ангеловска (Евро-Балкан Пресс, Скопје, 2002).



Ајде да го замениме воениот пејзаж или пејзажот од земјата во изградба со имагинарниот пејзаж на распупените нијанси на розовата каде што пигментот е нанесен директно на подлогата како што се нанесува пудра на образ, со заоблена четка со меки влакненца. Ајде да читаме за жената која се милува со друга жена, за онаа која се предава на краткиот момент на страсно уживање за да го живее уште долго во себе, за таа чие тело зарумenува кога екстазата ќе го достигне својот врв, и за неа, која знае како да му се предаде на љубовникот во љубовниот занес целосно и безрезервно, дури и да изгори во него со него.

Изборот на овие извадоци од текстови е интимен и уредуван по лична замисла. Некои од авторките, како Лис Иригаре и Катрин Малабу, извршиле значително влијание на мојата уметничко-истражувачка практика и биле поттик за создавање на нови дела. Пред неколку месеци случајно ја открив прозата на Радмила Трифуновска во која ме возбуди таа суптилна женска бунтовност што сакав да ја споделам. Еден дел од стих од песната на Одри Лорд „Разонода“, го употребив како наслов за овој имагинарен интимен пејзаж на копнежот распослан низ страниците како „Плот во цут“, а кој го создадов за 32. меморијал „Надежда Петровиќ“ оваа година во Чачак и кому му пристапив со сликарска жар. И еден краток омаж за потентното можно во неиздржливите долги жешки скопски лета.